Врз основа на член 78а од Статутот на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, Централниот одбор на СДСМ, на осмата седницата одржана на 25.03.2026 година усвои:

# ПРАВИЛНИК

## за организација и начин на функционирање на Форумот на пензионерите на СДСМ

## I. Општи одредби

### Член 1

Со овој правилник за организација и начинот на функционирање на Форумот на пензионерите на СДСМ (во понатамошниот текст: Правилник) поблиску се уредува функционирањето, организациската структура, делокругот на работа на Форумот на пензионерите на СДСМ и други прашања од значење за работата и дејствувањето на Форумот на пензионерите на СДСМ.

### Член 2

Форумот на пензионерите на СДСМ е облик на организирање на пензионерите - членови на партијата, заради учество во сите расправи за клучните политички прашања во Република Северна Македонија, како и за сите клучни прашања сврзани со СДСМ, формулира прашања, дава предлози и иницијативи кои може да ги прати до сите органи на СДСМ, вклучувајќи го и Конгресот на СДСМ, евиндентира и предлага кандидати за функции во СДСМ и преставничките и извршните органи и учествува во остварување на програмските определби дефинирани во Статутот на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија.

### Член 3

Работата на Форумот на пензионери ќе биде финансирана од буџетот на СДСМ и е претставена од претседателот на Форумот.

Во отсуство или спреченост на Претседателот, Форумот го претставува неговиот заменик.

Форумот го користи логото на СДСМ што се користи во дописите и документите на Форумот.

### Член 4

Седиштето на Форумот на пензионерите е во седиштето на СДСМ во Скопје, на ул.Бихаќка бр.8.

## II. Делокруг на работата на Форумот на пензионерите на СДСМ

### Член 5

www.sdsm.org.mk • e-mail: contact@sdsm.org.mk • тел.: +389 2 3293100 • факс: +389 2 32932109
адреса: ул. „Павел Шатев“ бр. 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

Форумот работи врз основа на Програмата за работа и овој Правилник, која програма е усогласена со Програмата и Политиката на СДСМ а Правилникот со Статутот на СДСМ.

Форумот работи самостојно, и преку своите претставници во телата на СДСМ учествува во работата на партијата, во рамките на телата на СДСМ.

**Член 6**

Форумот работи на реализација на лични и заеднички интереси на неговите членови и други граѓани кои не се членови на СДСМ доколку ги прифаќаат програмските ориентации и политичките цели на СДСМ, а особено:

1.Заедничко делување на членовите на форумот на популаризација на идејата и вредностите на социјалдемократијата.

2.Здружување на возрасни лица и пензионери и нивно партиципирање во активностите на СДСМ.

3. Анализирање и следење состојбата и промените во областа на здравствената заштита, социјалната заштита, грижата за старите лица, сместувањето во домови и згрижувачките институции за пензионерите и предлага соодветни мерки за подобрување на состојбата.

4. Анализирање и следење состојбата во областа на пензискиот и инвалидскиот систем во однос на остварувањето на правото на пензија и инвалидски додаток и предлага соодветни мерки.

5. Поттикнување на квалитетот на активното живеење преку организирање културни, спортски и други социјални активности, групни патувања, одмори, посети на разни културни настани и слично.

6. Следење состојбата во науката поврзана со социјалниот и економскиот развој, ги анализира достигнувањата и предлага мерки за подобрување на состојбата.

7. Следење состојбата во областа на заштитата на човековите права, особено ониe повредени поради националност, религија, пол, политички убедувања или возраст и предлага соодветни мерки.

8. Следење состојбата во областа на локалната самоуправа, особено во делот што се однесува на квалитетот на животот во одредена област и предлага мерки за подобрување на состојбата.

9. Воспоставување врски со сродни меѓународни организации и други здруженија кои се занимаваат со прашања од интерес за старите лица и придонесуваат за афирмација на Форумот надвор од границите на Република Северна Македонија.

10. Собира, организира и дистрибуира информации корисни за подобрување на работата на Форумот, организира прес-конференции, предавања, тркалезни маси, форуми и комуницира со јавноста.

Форумот може да работи и во други области на општеството, ако постарите луѓе се заинтересирани.

**Член 7**

Форумот може да побара од телата на СДСМ да заземат политички позиции во врска со прашања поврзани со неговите активности.

Форумот доставува информации, анализи и ставови до телата на СДСМ за постигнување на целите на организацијата и активностите, по сопствена иницијатива или на барање на СДСМ, и е должен да достави извештај за својата работа до органот на СДСМ најмалку еднаш годишно.

**Член 8**

Во своите активности, Форумот соработува со здруженија на пензионери, граѓански организации кои се занимаваат со проблемите на возрасните лица како и со други организации кои имаат слични цели и интереси.

Форумот соработува и со политички партии кои имаат слични организации од интерес за потребите на возрасните лица.

Форумот соработува или членува и со други сродни организации во земјата и странство.

**Член 9**

Членови на Форумот можат да бидат сите возрасни членови на СДСМ, со најмалку 62-годишна возраст.

Членови на Форумот можат да бидат и граѓани од помлада возраст кои преку својата работа и однос кон возрасните лица придонесуваат за реализација на програмата и целите на Форумот.

**Член 10**

Член на Форумот има право и обврска да учествува во формулирањето и спроведувањето на политиките и програмите на Форумот.

Член на Форумот има право да избере и да биде избран во органите на Форумот.

## III. Начин на организирање и органи на Форумот на пензионерите на СДСМ

**Член 11**

Членството на Форумот на пензионерите на СДСМ територијално е организирано во следните облици на делување:

- Форум на пензионерите на СДСМ;
- Градски форум на пензионери на СДСМ;
- Општински форум на пензионерите на СДСМ.

Во Градот и Општините во кои не е основан форумот на пензионери можат да се именуваат повереници на Форумот на пензионерите.

**Член 12**

Одлука за формирање и распуштање на Форумот на пензионерите на СДСМ, како организација на пензионерите на СДСМ, донесува Централниот одбор на СДСМ (во понатамошниот текст: ЦО на СДСМ).

Одлука за формирање на Градски односно општински форум на пензионери ја донесуваа соодветниот извршен одбор на СДСМ.

**Член 13**

Врз основа на одлуката за организирање на Форум на пензионери, Централниот одбор на СДСМ донесува Одлука за распишување избори за претседател на Форумот на пензионери на СДСМ како и Начин, постапка и роковник за кандидирање и избор на претседател на Форумот на пензионери на СДСМ.

Основачкото собрание на Форумот на пензионери, во согласност со одредбите на оваа одлука, донесува одлука за внатрешна организација која ги регулира целите, организациите и активностите, организациската структура и телата, членството, нивните права и должности, програмирање, избор на тела на Форум, односи и соработка со тела за основање, други организации и здруженија, како и други прашања од значење за работењето на Форумот на пензионери.

**Член 14**

Основачите на формата на организација наведени во член 11 се должни, во согласност со можностите, да обезбедат финансиски, просторни и административно-технички услови за нивно работење.

**Член 15**

Претседателот на општинската / градската организација на Форумот на пензионери на СДСМ по функција е член на општинскиот / градскиот извршен одбор на СДСМ, без право на глас.

Претседателот на Форумот на пензионери на СДСМ е член на Извршниот одбор на СДСМ без право на глас.

**Член 16**

Најмалку 10% од членовите постари од 62 години ќе бидат преставени во Централниот одбор, како и во општинските / градските одбори на СДСМ.

**Член 17**

Органи на Форумот на пензионерите на СДСМ се:

- Собрание, Извршен одбор, Претседател

www.sdsm.org.mk • e-mail: contact@sdsm.org.mk • тел.: +389 2 3293100 • факс: +389 2 32932109
адреса: ул. „Павел Шатев“ бр. 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

СДСМ

## IV. Собрание на Форумот на пензионерите на СДСМ

**Член 18**

Собранието е највисокото изборно-политичко политичко тело на Форумот што одлучува за:

- усвојување и промена на Правилникот на Форумот;

- програмски принципи на работа и политика на Форумот;

- избор и разрешување на заменик претседател;

- усвојување на Деловникот за работа на Собранието;

- прифаќање на извештајот за работата на Форумот;

- други важни прашања од работата на Форумот;

- дава насоки за работата на Извршниот одбор на Форумот и стручните совети и градската и општинските организации на Форумот и повереницитe;

- го именува и разрешува секретарот на Форумот;

- го именува и разрешува координаторот на стручни совети;

- избира и разрешува претставници на Форумот кои учествуваат во работата на телата на СДСМ;

- одлучува за соработка со синдикати и здруженија на пензионери и возрасни лица во земјата и странство;

- одлучува за соработка со слични организации во други политички партии - извршува други задачи поврзани со работата на Форумот.

**Член 19**

Собранието се состои од претседател, заменик- претседател на Форумот на пензионери на СДСМ, членови на Извршниот одбор, секретарот на Форумот, по два члена од општинските организации и градот Скопје, а од редот на членовите на ФС СДСМ.

**Член 20**

Собранието се свикува најмалку еднаш годишно со тоа што на секои четири години Собранието се свикува како отчетно-изборно Собрание.

Одлуката за свикување на Собранието и за предлагање на дневниот ред, темите и извештаите за Собранието ја донесува Извршниот одбор на Форумот, а поканата до делегатите на сесијата ја испраќа претседателот на Форумот.

www.sdsm.org.mk • e-mail: contact@sdsm.org.mk • тел.: +389 2 3293100 • факс: +389 2 32932109
адреса: ул. „Павел Шатев“ бр. 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

Собранието правилно одлучува ако се присутни повеќе од половина од поканетите делегати, а одлуките ги донесуваат повеќе од половина присутни делегати.

**Член 21**

Со Собранието управува Претседателот на Форумот на СДСМ со Работно претседателство од 3 члена избрано од Собранието.

Гласањето на Собранието е, по правило, јавно, со кревање на рака, и го спроведува Работното претседателство.

Собранието може да одлучи да гласа за одредени прашања со тајно гласање или со електронски средства.

Текот на Собранието и постапката за избор и донесување одлуки се утврдуваат со Деловникот за работа на Собранието, кој Собранието ќе го донесе со јавно гласање на почетокот на сесијата на Собранието.

## V. Извршен одбор на Форумот на пензионерите на СДСМ

**Член 22**

Извршниот одбор на Форумот на пензионерите на СДСМ, го сочинуваат 10 (десет) членови и Претседателот на Форумот на пензионерите на СДСМ.

На предлог на Претседателот на Форумот на пензионерите на СДСМ, членовите на Извршниот одбор ги именува ИО на ЦО на СДСМ.

На предлог на Претседателот на Форумот на пензионерите, ИО на ЦО на СДСМ може да отповика член на Извршниот одбор на Форумот на пензионерите на СДСМ во случај на работење спротивно на одредби од Статутот на СДСМ, усвоените програмски цели и насоки на работење.

**Член 23**

Извршниот одбор на Форумот на пензионерите на СДСМ ги има следните права и обврски:

- Подготвува и предлага програма на делување на Форумот на пензионерите на СДСМ;
- Расправа за актуелни политички прашања, гради ставови и донесува мислења, ставови и препораки по истите;
- Се грижи за информирањето внатре во Форумот на пензионерите на СДСМ, како и во јавноста;
- Подготвува Правилник за работа на Форумот на пензионерите на СДСМ и предлага измени и дополнувања;
- Формира комисии и други облици на работни тела на Форумот на пензионерите;
- Поднесува полугодишни извештаи до ИО на ЦО на СДСМ;
- Го следи работењето и начинот на функционирање на општинските и градскиот Форум на пензионерите на СДСМ.

**Член 24**

Со Извршниот одбор на Форумот на пензионерите на СДСМ раководи Претседателот на Форумот на пензионерите на СДСМ.

На предлог на Претседателот на Форумот на пензионерите на СДСМ, Извршниот одбор на 0Форумот на пензионерите на СДСМ избира заменик-претседател на Форумот на пензионерите на СДСМ и Секретар на Форумот на пензионерите на СДСМ и за изборот го известува ИО на ЦО на СДСМ.

Заменик-Претседателот на Форумот на пензионерите на СДСМ учествува во работењето на Извршниот одбор на Форумот на пензионерите на СДСМ, а во случај на отсуство или спреченост на Претседателот на Форумот на пензионерите на СДСМ, ги извршува работите кои спаѓаат во делокруг на работењето на Претседателот на Форумот на пензионерите на СДСМ, по предходно дадена согласност.

Секретар/ка на Форумот на пензионерите на СДСМ ги организира и подготвува седниците на Извршниот одбор на Форумот на пензионерите на СДСМ, му помага на Претседателот околу свикувањето на седниците, води записници од седниците, се грижи за следењето и извршувањето на одлуките, ставовите и заклучоците на органите на Форумот на пензионерите на СДСМ и врши други работи кои ќе ѝ ги довери Претседателот на Форумот на пензионерите и Извршниот одбор на Форумот на пензионерите на СДСМ.

Мандатот на заменик-Претседателот на Форумот на пензионерите на СДСМ и Секретар/ка на Форумот на пензионерите на СДСМ престанува со престанокот на мандатот на Извршниот одбор на Форумот на пензионерите на СДСМ.

**Член 25**

Извршниот одбор на Форумот на пензионерите на СДСМ работи на седници кои ги свикува Претседателот на Форум на пензионерите на СДСМ, најмалку еднаш месечно.

На седниците на Извршниот одбор на Форумот на пензионерите на СДСМ, на предлог на Претседателот на Форумот на пензионерите на СДСМ можат да присуствуваат лица кои не се членови на Извршниот одбор на Форумот на пензионерите на СДСМ, во зависност од точките на дневниот ред, доколку за тоа има потреба. Надворешните лица можат да учествуват во дискусијата, односно работата на седницата, но немаат право да учествуваат во одлучувањето.

## VI. Претседател на Форумот на пензионерите на СДСМ

**Член 26**

Претседателот на Форум на пензионерите на СДСМ ја координира работата на Форум на пензионерите на СДСМ и ги има следните права и обврски:

- Го претставува и застапува Форумот на пензионерите на СДСМ;
- Учествува во градењето на политиките на СДСМ;

- Ги свикува и претседава со седниците на извршниот одбор на Форумот на пензионерите на СДСМ;
- Соработува со граѓански организации на ниво на РСМ;
- Организира дебати, трибини и семинари за членовите на Форум на пензионерите на СДСМ, со претходна консултација со Извршниот одбор на Форумот на пензионерите на СДСМ;
- За својата работа поднесува годишен извештај до ИО на СДСМ и до Извршниот одбор на Форумот на пензионерите на СДСМ;
- Учествува во креирањето на кадровската политика на СДСМ.
- ЦО на СДСМ донесува Начин, постапка и роковник за кандидирање и избор на претседател на Форумот на пензионери на СДСМ;
- На предлог на Претседателот на СДСМ, Претседателот на Форумот го именува ИО на СДСМ.

**VII. Градски и Општински Форуми на пензионерите на СДСМ**

**Член 27**

Во општинскиот Форум на пензионерите на СДСМ членуваат пензионери-членови на Општинската организација на СДСМ на чија територија дејствува Форумот на пензионерите на СДСМ.

Општинските Форуми на пензионерите на СДСМ остварувајќи ја програмата на Форумот на пензионерите на СДСМ покренуваат и прашања за унапредување на положбата на возрасните лица на подрачјето на општините каде што делуваат.

Општинските Форуми на пензионерите на СДСМ за остварување на програмските цели меѓусебно соработуваат и координирано настапуваат.

**Член 28**

На предлог на Претседателот на Форумот на пензионерите на СДСМ, по претходно распишан оглас за самокандидирање на градскиот односно општинските форуми на пензионери, ИО на ГО на СДСМ – Скопје односно ОО на СДСМ донесува одлука за избор на Претседателот на Градскиот односно Општинскиот форум на пензионери.

**Член 29**

Претседателот на општинскиот Форум на пензионерите на СДСМ до Претседателот на Форумот на пензионерите на СДСМ предлага членови на извршниот одбор на општинскиот Форум на пензионерите на СДСМ.

По добиената согласност од Претседателот на Форумот на пензионерите на СДСМ, за предлог пензионеритете членови на извршниот одбор на општинскиот Форум на пензионерите на СДСМ , на седница на ИО на ОО на СДСМ се потврдуваат членовите на извршниот одбор на општинскиот Форум на пензионерите на СДСМ.

Претседателот на општинскиот Форум на пензионерите на СДСМ на првата седница на извршниот одбор на општинскиот Форум на пензионерите на СДСМ, именува заменик -

Претседателот и секретар од редот на членовите на извршниот одбор на општинскиот Форум на пензионерите на СДСМ, за што го известува ИО на ОО на СДСМ.

Претседателот на општинскиот Форум на пензионерите на СДСМ може да воспостави и пониска структура на ниво на месни одбори, доколку за тоа постои потреба.

**Член 30**

Претседателот на општинскиот Форум на пензионерите на СДСМ ја координира работата на општинскиот Форум на пензионерите на СДСМ и ги има следните права и обврски:

- Го претставува и застапува општинскиот Форум на пензионерите на СДСМ;
- Учествува во градењето на политиките на ОО на СДСМ;
- Ги свикува и претседава со седниците на координативното тело на општинскиот Форум на пензионерите на СДСМ;
- Соработува со граѓански организации на локално ниво;
- Организира дебати, трибини и семинари на локално ниво за членовите на општинскиот Форум на пензионерите на СДСМ, во претходна консултација со Извршниот одбор на Форумот на пензионерите на СДСМ;
- За својата работа поднесува годишен извештај до ИО на ОО и до Извршниот одбор на Форумот на пензионерите на СДСМ;
- Учествува во креирањето на кадровската политика на ОО на СДСМ.

**Член 31**

Извршниот одбор може да организира стручни комисии на Форумот на пензионери како постојани работни тела за следниве прашања:

- Социјални политики и здравство;

- Заштита на правата од пензиско и инвалидско осигурување;

- Промовирање и заштита на човековите права;

- Меѓународна соработка и сл.

Извршниот одбор може да формира работни групи за експерти за подготовка на предлози за решавање на најактуелните проблеми на возрасните лица (реформа на пензискиот и здравствениот систем и сл.).

## VIII. Преодни и завршни одредби

**Член 32**

Одредбите од овој Правилник ќе се применуваат аналогно на градската и општинската организација на Форумот на пензионери.

Во случај на нејасност на одредбите на овој Правилник, аналогно се применуваат одредбите на Статутот на СДСМ и одлуката на Централниот одбор за организација на Форумот на пензионери.

Извршниот одбор на Форумот на пензионери е одговорно за толкувањето на оваа одлука.

**Член 33**

За сите прашања кои не се регулирани со овој Правилник на Форумот на пензионерите на СДСМ, важат одредбите од Статутот на СДСМ.

**Член 34**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото усвојување од страна на ЦО на СДСМ.

**СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ**
**НА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**

Венко Филипче